**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КРУШЕВО**
**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРУШЕВО**
**Бр. 08-1077/1**
**22.11.2024 ГОДИНА.**

Врз основа на член 39 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ‘‘ бр.202/2024) и член 34 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/14, 7/2019 и 7/2020), донесувам:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на 54-та седница**
**на Советот на Општина Крушево**

СВИКУВАМ 54-та седница на Советот на Општина Крушево на ден 29.11.2024 година (петок) со почеток во 10,00 часот со следниот предлог:

-Разгледување и усвојување на записникот од 53-та седница одржана на 07.11.2024 година од Советот на Општина Крушево.

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог-Одлука за пренесување на правото на сопственост на движни ствари на ЈП „Комуна“ Крушево патничко моторно возило Поло;
2. Предлог-Одлука за пренесување на правото на сопственост на движни ствари на ЈП „Комуна“ Крушево патничко моторно возило Нисан Примера;
3. Предлог-Заклучок за усвојување на извештајот за финансиското работење на ЈП „Комуна“ Крушево за периодот од 01.01.2024 година до 30.09.2024 година.
4. Предлог-Согласност на измената и дополнувањето на Годишниот План за вработување за 2024 година на ЈП „Комуна“ Крушево.
5. Предлог-Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2025 година.
6. Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Крушево за 2025 година.
7. Предлог-Програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во соспственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Крушево за 2025 година.
8. Предлог-Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Крушево за 2025 година.
9. Предлог-Програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2025 година.

Седницата ќе се одржи во Кабинетот на Градоначалникот на Општина Крушево.

**Совет на Општина Крушево**
**Претседател,**
**Андреј Николоски, с.р.**